Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
**Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти**

КИНСИВ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА НА КОМИТЕТ ЗА ИСТРАГА НА ВОЗДУХОПЛОВНИ НЕСРЕЌИ И СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ ЗА 2022 ГОДИНА

Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти е независно истражно тело за спроведување на техничко истражување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, согласно член 5 од Законот за воздухопловство. Формиран е од Владата на Република Северна Македонија, со Одлука бр. 41-806/1 од 03.04. 2012 година.

За непречено извршување на задачите, Комитетот треба да биде организациски, функционално и финансиски независен од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за цивилно воздухопловство и од субјектите на воздухопловната индустрија чии интереси можат да бидат во конфликт со неговите задачи и овластувања.

Основна задача на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти во 2022 година беше истражувањето и анализирањето на воздухопловните несреќи и сериозните инциденти, со основна цел да се утврдат релевантните факти и околностите под кои се случиле и да предложи безбедносни препораки за нивно евентуално идно случување, како и следење и анализирање на несреќи од земјите со кои имаме развиено добра стручна соработка.

-Во организација на ESASI (European Safety Organization Investigation)во Будимпешта од 05-08 Април 2022 година се одржа годишна дводневна конференција на истражители од сите европски земји, на која учество земаа околу 130 членови. Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи на Република Северна Македонија - Кинсив како постојан член на ESASI беше претставена од постојните истражители.

Поентата на оваа конференција е давање на поддршка на малите земји од страна на големите истражни бироа при големи воздухопловни несреќи. Голем број на помали земји располагаат со ограничени ресурси за истраги на помали воздухопловни несреќи (генерална авиација) додека поддршката на големите истражни бироа се непроценливи при големи воздухопловни несреќи.

- Комитетот за истраги на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти донесе одлука да присуствува на најголемиот саем во Европа за воздухоплови од генерална авијација кој се одржува во Германија Фридриксхафен на секои 2 години.

Целта на ова патување е да се разгледаат новитетите во воздухопловството од областа на генерална авиација, размена на искуства во врска со подобрувањата на актуелните модели и посебно недостатоците на актуелни модели заради кои некои од нив се внесени во историјата односно е прекинато со нивно производство.

Се сретнавме со голем број новитети во делот на навигациска опрема и погонска група на воздухопловите.

Сите новитети се битни да во даден момент бидеме свесни со какви системи се сретнуваме и согласно методологија на работа извршиме квалитетна анализа на настан или несреќа.

Заради сите горе наведени новитети со нас поканивме и 2 експерти од листата на надворешни експерти на Комитеот за истраги на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти кои се од голема корист при анализа на разни настани и несреќи.

Би се осврнале на примената на дронови, на кој беше дадено големо значение со бројот на изложувачи и просторот кој им беше доделен. Навистина е голем просторот во кој дроновите имаат примена. Примената во следење на сообраќај, употребата при акции на спасување на повредени во тешко достапни терени, употреба во земјоделие, транспорт на материјални добра... Нивната примена во најразличи области е навистина голема но примарно за нивна употреба е регулирање на оваaa област. Република Северна Македонија е на самиот почеток на регулирање на оваа област и со самиот настанат вакум не дозволуваме доволен развој и примена на можноста која произлегува од употребата на дронови. Наша слободна проценка е дека оваа област толку брзо ке се развива да мораме веднаш да почнеме да ги имплементираме

европските и светски регулативи како не би се нашле во незавидна положба односно неможност од користење на оваа технологија.

- Во организација на Министерство за одбрана на Република Словенија и Центарот за истраги на воздухопловни несреќи на Република Словенија е одржана показна вежба BROKEN WING 22 од 22-24 Јуни 2022 година каде активно учество земаа и истражителите од КИНСИВ. Учесници во оваа вежба беа голем број НАТО земји каде беше прикажана воздухопловна несреќа во Воена база на Аеродромот Церкље. Акцијата на трагање и спасување беше од мешовит состав на цивилен и воен персонал и целосната поента на оваа вежба се состоеше од подршка на воениот состав на Република Словенија во координација со пријателски НАТО земји во реакција и справување со последици на цивилни воздухопловни несреќи.
Искуството беше големо за нас како преставници на истражно тело и земја членка на НАТО.

-Во текот на 2022 година Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти на Република Северна Македонија со зголемување на воздушниот сообраќај се зголеми и предизвикот со следните воздухопловни несреќи и сериозни инциденти:

1. WZZ 7727 инцидент на Меѓународен Аеродром Скопје – engine tail pipe fire 16.02.2022.

Овој сериозен инцидент е класичен пример како еден настан од инцидент може и прераснува во сериозен инцидент, поради што комисијата укажува на важните моменти во пресвртницата и дава препораки .
Бидејќи овој тип на пожар ( ,,tail pipe fire'') , вообичаено се јавува при стартување на мотор на земја или за време на неговото гасење на земја, сите инволвирани служби и лица во прифаќање и отпрема на воздухопловот, да се запознаат со основните карактеристики на ,,tail pipe fire'' и разликите со ,,пожар на мотор,,.
Истото би требало да помогне во точноста на информацијата при дојавата до пилотскиот екипаж за обсервацијата на пожарот .
Појавата на овој вид пожар (,,tail pipe fire'') е соодветно анализирана од производителот на воздухопловот и моторите и е составен процедурален дел на ,,QRH'' ( Quick Reference Handbook), и е стандардизирана постапка со вентилирање на моторот.
Операторите, преку сопствените системи за тренинг , да ги вклучат вежбите во постапката на откривање и соодветно превземање на дејствија во случаи на ,,tail pipe fire'' и ,,nacelle fire''.
Завршен извештај.

2. Воздухопловна несреќа на спортски Аеродром Логоварди Битола при обука на кандидат за УПЛ дозвола со ултра лесен воздухоплов MAYA Z3-UA-002 случена на 07.05.2022.
Заради несоодветно реагирање на ученикот–пилот, блокирање на командите за управување, во критичната фаза на полетување (мала висина и мала брзина) воздухопловот преминува во „Stalling" без можност инструкторот да изврши корекција на летот заради блокирани команди. Воздухопловната несреќа е без човечки жртви.
Завршен извештај

3. Mooney 20C инцидент на Меѓународен Аеродром Скопје 19.08.2022 година.
Заради несоодветно одржување на воздухопловот и дотрајаност на витални елементи од системот на стојниот трап настанува колабирање на предното носно тркало во момент на стартување на воздухопловот на паркирна позиција. Со самото колабирање на предното тркало елисата заринкува во асфалтна површина и настанува лом во самиот мотор. Инцидентот е без повредени лица.
Завршен извештај.

4. Сериозен инцидент WZZ2425 – MAP7710 – М-НАВ на Меѓународен Аеродром Скопје од 17.11.2022. Истрагата е во тек.
Полициски хеликоптер превзема активности без најава на контрола на летање во момент на полетување на патнички воздухоплов. Пилотот на патничкиот воздухоплов официјално поднесува пријава за безбедносен настан до контрола на летање – М-НАВ.

5. Сериозен инцидент WZZ8820 – WZZ1381 – М-НАВ на Меѓународен Аеродром Скопје од 03.12.2022. Истрагата е во тек.
Во момент на приод за слетување на еден патнички воздухоплов друг воздухоплов е на полетно слетна патека во фаза на полетување. Пилотот на првиот воздухоплов одлучува да го прекине слетувањето и оди во фаза ,,GO AROUND" односно продолжува за формирање на процедура за повторно слетување. Пилотот на патничкиот воздухоплов официјално поднесува пријава за безбедносен настан до контрола на летање – М-НАВ.
Истрагата е во тек.

- Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти од Министерството за Транспорт доби предлог закон за основање на „Агенција за истражување на несреќи и сериозни инциденти во воздушниот, внатрешниот воден и железнички сообраќај".
Комитетот изврши детална анализа на предлогот и во писмена форма достави видување и забелешки до Министерството за транспорт по основ на истиот.

-Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти од Министерството за Транспорт доби „Предлог Закон за воздухопловство" и ,,Предлог Уредба за истраги на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти" и за истите даде позитивно мислење.

Согласно планот за работа на Комитетот за 2022 година може да се осврнеме на следните реализирани активности:

- Континуирани обуки на терен со цел теренско запознавање и практикување на процедури при истрага на терен. Учество и на дел од надворешни истражители.
- Континуирана обнова и одржување на ДАТА БАЗА за воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.
- Со новата предлог уредба за истраги на воздухопловни несреќи конечно се врши имплементација на функционален систем за пријавување и активирање на сите инволвирани субјекти.
- Набавена софтверска апликација за симулација на летови согласно расположиви ресурси на Комитетот.
- Согласно потребите на Комитетот извршена е обука на 2 надворешни истражители за управување со дрон и теренско снимање при увид на лице место на воздухопловна несреќа.
- Континуирано доопремување со лична и заштитна облека и опрема за постојните и надворешните истражители.
- Активно учество во изработка и дополна на домашна регулатива.
- Редовно учество во работата на националниот комитет за безбедност (safety) и националниот комитет за соработка во АЦВ.
- Изготвена нова систематизација на Комитетот и истата одобрена од надлежно министерство МИОА.
- Изработени се годишни извештаи и планови.

Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти искрено се обиде да задржи и вработи млад високо стручен кадар ,,Магистер за истраги на воздухопловни

несреќи“ на престижен универзитет Cranfield University во Англија но за жал светски реномирана фирма во авијација успеа да го придобие кандидатот.

Согласно насоките на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година Комитетот направи сериозна заштеда на буџетските средства.

Комитет
за истрага на воздухопловни несреќи
и сериозни инциденти
Претседател
Зоран Илиевски